## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ

### ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

# ЕУ НОВОСТИ


Број 3

февруари - март 2010

СКОПЈЕ

**Понеделник, 8 февруари 2010 година, Брисел**

**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДВАЕСЕТГОДИШНИНА ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ**



На 4 февруари 2010 година во Брисел се одржа Конференција за одбележување на дваесетгодишнината од вложувањето на Европската унија во градовите во Европа. Според комесарот за регионална политика, г. Павел Самецки, кој говореше на Конференцијата, „Урбаниот развој е еден од приоритетите на Европската кохезиона политика. Комисијата ги поддржува европските градови во барањата за поголема конкурентност и им помага да развиваат долгорочни и одржливи стратегии“.

Преку иницијативата URBAN I (1994-1999) беа инвестирани над 900 милиони евра од Заедницата, во 118 градови во ЕУ. Вложувањето беше концентрирано на урбаното обновување и создавање на работни места, борбата против социјалната исклученост и еколошките проблеми. URBAN II (2000-2006) конкретно беше насочен на планот и имплементацијата на иновативните економски и социјални обновувања во отсечените области. Со неговите 70 програми беа опфатени околу 2,2 милиони луѓе, со вкупен буџет од 1.6 милијарди евра, вклучувајќи 728 милиони евра од Европскиот фонд за регионален развој. За периодот 2007-2013 година околу 30 милијарди евра од Европскиот фонд за регионален развој се насочени кон урбаниот развој.

Целта на програмата „URBACT“, започната во 2002 година, е да се организира размена меѓу градовите, споделување на искуства и практично знаење. Урбаните иницијативи се обединуваат во регионални програми. Многу европски градови беа обновени преку овие програми. Како примери на успешни проекти со кофинансирање се наведуваат:

- „Креатори на просторот“ - проект во Бристол во Обединетото Кралство. Младите луѓе во отсечените делови од градот учествуваа во еден план кој имаше за цел креирање на нов јавен простор, помогнаа во изборот на архитект - пејзажист и за материјалите кои се употребуваа;

- „Зелени клучеви“ - проект концентриран на зелените стратегии за урбано планирање во 12 европски градови, меѓу кои и Љубљана, Берлин, Будимпешта, Софија;

- „Градот на Ворхол“ - проект во Источна Словачка во градот Медзилаборце, инспириран од уметникот Енди Ворхол, чие семејство потекнува од регионот. Проектот ги спојува туризмот, инфраструктурниот развој и маркетингот;

- Реставрацијата на Замокот во Прага, новото метро во Порто, изложбениот центар Фира во Барселона, велосипедските патеки во Виена, поддршката за 150 мали бизниси во Лајпциг, претставуваат примери на кохезионата политика и успешниот придонес за Европскиот урбан развој.

**Вторник, 9 февруари 2010, Брисел**

**ПРЕГОВАРАЧИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ СЕ ДОГОВАРААТ ЗА ИДНИТЕ ОДНОСИ СО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА**

Европскиот парламент и Европската комисија го ревидираат т.н. рамковен договор со кој се уредуваат односите меѓу двете институции. Работната група после трите рунди на преговори, на 27 јануари 2010 постигна согласност. Како дел од клучните принципи утврдени од преговарачите на Европскиот парламент во дискусиите со Европската комисија се: еднаков третман на Европскиот парламент и на Советот од страна на Комисијата, зајакнување на позицијата на Парламентот при поднесување на законодавни иницијативи, согласност за мерките со кои ќе се подобрува одговорноста на извршната власт и зголемување на улогата на Парламентот во меѓународните преговори.

Втората фаза од преговори започна веднаш по преземањето на новата Комисија и треба да доведе до текст на договорот што ќе се разгледа на Комитетот за уставни прашања. На пленарната седница на 9 февруари 2010 година ЕП ќе гласа за резолуцијата која ќе содржи заклучоци произлезени од досегашните преговори. На оваа резолуција се гледа како на важен изчекор за врските помеѓу двете институции, одразувајќи ја новата позиција на Европскиот парламент, согласно Лисабонскиот договор.

Принципот на еднаков третман на Парламентот и Советот на министри, од страна на Комисијата беше еден од главните успеси на преговарачите на ЕП. Ова особено се однесува на пристапот до состаноците на Комисијата со националните експерти и целокупната документација од состаноците.

Подобрувањето на одговорноста на Комисијата како извршно тело беше важно прашање во преговорите за Парламентот. Комисијата се согласи да даде поддршка на Парламентот во преговорите за Европската служба за надворешно дејствување, во поглед на гарантирање на нејзината целосна одговорност, вклучително и транспарентна процедура за кандидирање на специјални претставници и амбасадори.

Во пленарните седници на Парламентот ќе биде вклучен и новиот „час за пратенички прашања“ со комесарите, вклучително и заменик-претседателот одговорен за надворешни односи/високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика.

Се зајакнувува можноста за поднесување на законодавни иницијативи на Европскиот парламент. Согласноста воведува јасен рок од 3 месеци во кој Комисијата треба да проследи конкретен одговор на извештајот по законодавната иницијатива, и по правило, една година за поднесување на предлогот до Парламентот. Доколку предлогот не биде поднесен, Комисијата ќе достави детални објаснувања на Парламентот. Беше излезено во пресрет на барањето на Парламентот, за идни преговори за постигнување на договор за подобро подготвување на законите. Комисијата се согласи да се консултира со Парламентот за употребата на т.н.„soft law“ законски иницијативи и да го зајакне правото на Парламентот за информирање во случај на непочитување на процедурите.

Договорот меѓу двете институции вклучува обврска на Комисијата да ја зајакне асоцијацијата со Парламентот во меѓународните преговори. Во иднина, Парламентот ќе добива целосни информации за сите фази од преговорите.

**Вторник, 9 февруари 2010 година**

**ЕВРОПСКИ ДЕН НА БЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ**

По повод "Денот на безбеден интернет" Европската комисија ќе соопшти дали поголемите интернет компании постапувале согласно обврската за подобрување на безбедноста на помладите од 18 години кои ги користат страниците за социјална интеракција. Со цел да се поттикнат тинејџерите да размислат за последиците од содржината која ја објавуваат на своите профили ке биде спроведена широка ЕУ кампања на тема „Размисли пред да испратиш", во повеќе од 60 земји ширум светот.

Страниците за социјална интеракција денес опфаќаат околу 41,7 милиони корисници низ Европа, од кои најмногу се застапени млади луѓе, деца и тинејџери регистрани на социјалните страници преку Facebook, MySpace или Dailymotion. Најчесто оваа категорија на корисници изразувајќи го сопствениот идентитет не е свесна дека објавените лични информации (фотографии, видео клипови) остануваат на мрежата при што се изложени на опасноста да бидат злоупотребени од секој кој има пристап до мрежата. Поради ова потребно е овластување за управување и контрола на онлајн идентитетите на одговорен начин.

На минатогодишниот Ден на побезбеден интернет, со цел да се подобри безбедноста на лицата под 18 години кои користат страници за социјална интеракција, 18 водечки компании со посредство на Европската комисија потпишаа Европски договор. Комисијата ќе објави извештај за начинот според кој компаниите ги имплементирале безбедносните принципи на страниците за социјална интеракција во ЕУ.

**12 март 2010 година**

**ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА Е-ВЕШТИНИ 2010**



Почетокот на овој месец, од 1 до 5 март, беше обележан со настанот Европска недела на е-вештини 2010, кој се фокусираше на поголемата потреба од обучени корисници на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ), како и професионалци од оваа област, со цел поконкурентна и поиновативна Европа .

Кампањата е во насока да се информират студентите, малите и средни претпријатија за големите можности за вработување во ИКТ секторот. Исто така и да се направи преглед за успешноста на Стратегијата на ЕУ за е-вештини, усвоена од Европската комисија во септември 2007 година, а во поглед на дигиталната писменост и зајакнување на е-вештините на граѓаните на ЕУ, како и да се разменат искуствата.

Европската недела на е-вештини е резултат на координираните заложби на Европската комисија, владите, индустријата и образовните установи да се информира европското население за клучната улога која ја имаат ИКТ вештините во обезбедување на економска конкурентност на Европа.

Официјалното отворање на Европската недела на е-вештини се одржа на 2 март во Хановер, Германија, во рамките на светскиот дигитален саем каде се одржаа бројни настани, активности, конференции, веб-семинари и работилници. Во рамките на Европската недела на е-вештини беа вклучени околу 300.000 учесници со повеќе од 100 активности. Настаните беа организирани низ цела Европа во повеќе од 20 земји.

Во заедничката изјава на Антонио Тајани, комесар за индустрија и претприемништво, Нели Кроес, комесар за дигитализација и Андрула Василиу, комесар за образование, култура, повеќејазичност и млади, беше потенцирано дека мора да се инвестира во е-вештини на граѓаните на ЕУ, користењето на компјутерите и интернетот со оглед на сè поголемата дигитализација на економијата. Дигиталната и медиумската писменост претставуваат клучни компоненти на дигиталната инклузија.

**15 март 2010 година**

**СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА УСВОИ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОТРЕБАТА ОД НОВА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

На седницата одржана на 1 март 2010 година во Брисел, Советот за конкурентност потсети на Европскиот извештај за конкурентност за 2009, во кој е забележано дека 2008 и 2009 година се карактеризираа со појавата на сериозна рецесија и намалување на стапките на економската активност и вработеноста.

Советот потсети на постигнатата согласност на шефовите на држави и влади на Европската унија, дека Европа треба да се трансформира во конкурентна, иновативна и екоефикасна економија, согласно заклучоците на претседателството на Европскиот совет одржан во Брисел на 18-19 јуни 2009 година.

Новата индустриска политика на ЕУ треба да одржува континуитет со релевантните елементи на постојната индустриска стратегија, а елементите кои треба да се земат предвид во дефинирањето на политиката се: институционалните промени во Унијата, стапувањето на сила на Лисабонскиот договор и неодамнешните меѓународни случувања.

Советот нагласи дека за успешен премин кон конкурентна и екоефикасна економија и имплементацијата на одржлива индустриска политика треба да се подобри конкурентноста, да се насочат предизвиците за животната средина во можности за бизнис и високо квалитетни работни места. Во овој контекст, акцентот треба да биде на природните ресурси и енергетската ефикасност, посебно на развојот и поддршката за широко прифаќање на безбедни и одржливи технологии со ниско ниво на емисија на стакленички гасови и обновливите извори на енергија.

Во усвоените заклучоци Советот ги истакна приоритетите на индустриската политика кои треба да придонесат кон следното:

1. да се одговори на можностите и предизвиците на глобализацијата преку комбинирање на сите можни инструменти и мерки на индустриската политика на ЕУ (вклучувајќи ги и оние на внатрешниот пазар, конкуренцијата, регионалната политика, трговијата и инвестициите),

2. поставување на добро дефинирана агенда за конкурентност во однос на слободното движење на лица, стоки, услуги и капитал, имајќи предвид дека и слободното движење на знаењето има суштинско значење за испорачување на микроекономските елементи на идната стратегија за раст и работни места,

3. создавање на најдобри услови и усвојување на нова конкурентна и одржлива индустриска политика со цел подобрување на конкурентноста, стимулирање на растот и работните места, меѓу другото и искористување на потенцијалот на европската кохезиона политика и другите релевантни политики,

4. реафирмирање на клучната улога на малите, средните и микро претпријатијата како основа на европската економија и потребата за обезбедување на соодветен пристап до финансиски средства, навремено и ефикасно спроведување на Актот за малите бизниси, имајќи го во предвид принципот на субсидијарност и различните појдовни позиции на земјите членки на ЕУ,

5. препознавање на стратешкото значење на информатичките и комуникациските технологии преку создавање на амбициозна европска дигитална агенда со конкретни цели,

6. трансформирање на економијата на Европа во екоефикасна економија имајќи ги во предвид придобивките, но и трошоците од промената,

7. зајакнување и развој на внатрешниот пазар,

8. понатамошен развој на надворешната димензија на внатрешниот пазар со цел зголемување на трговијата и инвестициите, врз основа на јасна агенда преку евалуација и следење,

9. продолжување со развојот и спроведувањето на принципите за подобро уредување (на прописите), намалување на постојните оптоварувања и избегнување на дополнителни административни трошоци.

10. зајакнување и подобра координација на ЕУ во областите на истражувањето и иновациите, вклучително и образованието, вештините и слободното движење на знаењето,

Советот ја повика Европската комисија да продолжи со интегриран пристап на индустриската политика врз база на хоризонтални и секторски иницијативи, да ги земе предвид различните околности во одделните сектори на индустријата и да обезбеди поблиска координација на индустриските и технолошките политики на земјите членки. Комисијата и земјите членки беа повикани заеднички да работат на спроведување на Актот за мал бизнис со акциониот план, како клучен елемент за конкурентност, раст и работни места.

**Среда, 17 март 2010 година**

**СОВЕТОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЕУ УСВОИ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ ПО 2010 ГОДИНА**



Биолошкиот диверзитет (разновидноста на екосистемите) насекаде низ светот се соочува со сериозна закана. Доколку се продолжи со тенденцијата на загуба на биодиверзитетот, се проценува дека на годишно ниво загубата на услугите од виталните природни екосистеми, ќе изнесуваат до 50 милиони евра, додека до 2050 година загубите би можеле да изнесуваат и до 7% од БДП.

Со цел да се посвети поголемо внимание на ова прашање, Советот за животна средина на ЕУ, на состанокот одржан на 15 март 2010 година ја постави новата цел за спречување на загубите на биодиверзитетот во ЕУ до 2020 година. Советот ја дефинираше и својата визија за заштита на природните богатства до 2050 година.

И покрај досегашните вложени напори, претходните цели за биодиверзитет поставени како на европско така и на светско ниво, не беа исполнети. Според мислењата на експертите, повеќе од една третина на видовите се соочени со изчезнување, а околу 60 % од екосистемите на планетата се влошени во последните 50 години.

На состанокот министрите за животна средина истакнаа дека 2010 година како меѓународна година на биодиверзитетот и особено планираната сесија на високо ниво во Собранието на Обединетите нации за септември 2010, претставуваат извонредна можност за мобилизирање на светот, за препознавање на предизвиците од глобалната криза на биодиверзитетот. Советот нагласи дека сесијата ќе обезбеди политички форум за давање на поддршка за подобрување на синергијата меѓу биолошката разновидност, што произлегува од мултилатералните договори за животната средина и Конвенциите од Рио.

Во меѓувреме се водат дискусии во врска со конвенцијата на Обединетите нации за биолошкиот диверзитет и истите може да завршат со заклучоци на Десеттата конференција на страните потписнички на Конвенцијата, што ќе се одржи во октомври 2010 во Нагоја, Јапонија.

Заедно со климатските промени, загубата на биодиверзитет претставува најкритична глобална закана за животната средина. Биодиверзитетот има огромно значење, преку услугите на екосистемите истиот обезбедува храна и вода, природна заштита од поплави, бури, и учествува во регулирањето на климата.

**Вторник, 23 март 2010 година**

**СТАВОТ НА СОВЕТОТ НА ЕУ ЗА ПРЕХРАМБЕНИТЕ НОВИТЕТИ**

На 15 март 2010 Советот, во прво читање ја прифати нацрт регулативата за прехрамбените новитети, согласно политичкиот договор постигнат на 22 јуни 2009 година.

Главната цел на нацрт регулативата е да се стимулира развојот, пласман на безбедна и иновативна храна на ЕУ пазарот како и обезбедување на високо ниво на безбедност на храната, а со тоа и заштита на човековото здравје.

Во нацрт регулативата се вклучени следните одредби:

- подобрена е процедурата на овластување, со преминување кон централизирана процедура на ниво на ЕУ. Според политичкиот договор на Советот, сите апликации за одобрување на новитетите кај храната мора да бидат поднесени до Комисијата, а потоа да се предадат на Европскиот Институт за безбедност на храната, заради проценка на можните ризици. Комисијата преку соодветна процедура ја донесува конечната одлука. Новата регулатива овозможува апликантите да побараат заштита на научни податоци за нова развиена и иновативна храна за период од пет години

- се воведува забрзана процедура на овластување за традиционална храна од трети земји (храна добиена со примарно производство и која најмалку 25 години е дел од вообичаената исхрана на поголемиот дел од населението на третата земја). Во рок од шест месеци Европскиот Институт за безбедност на храната ќе треба да даде свое мислење. Комисијата во рок од три месеци ќе треба да ги поднесе предлозите за ажурирање на листата на традиционална храна.

- Општата дефиниција на прехрамбените новитети останува непроменета, "храна која не се користи за консумирање до значителен степен во рамките на Заедницата, пред 15 мај 1997 година", кога постојната Регулатива бр. 258/97 стапи во сила.

- се дефинира поимот "прехрамбени новитети" и опфатот на регулативата. Новата регулатива ќе се применува за храна произведена од животни добиени со технологија на клонирање. Советот на Европа ја повикува Комисијата да даде извештај за сите аспекти на храната добиена од клонирани животни и нивниот подмладок во текот на една година, откако регулативата ќе влезе во сила и да поднесе предлог за посебно законодавство од оваа област. Храната која содржи инженерски наноматеријали, исто така е вклучена во регулативата.

Досега, повеќе од 30 прехрамбени новитети имаат одобрување за употреба во ЕУ (пр. видови на млеко и јогурт со додадени фитостеролови естери, коагулирани протеини на компир).

Ставот на Советот ќе биде испратен до Европскиот парламент, на второ читање.

**Вторник, 23 март 2010 година**

**ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА**

Европската унија од 22 до 26 март, по четврти пат во Брисел и други градови ширум Европа организира недела посветена на одржливата енергија. Настанот

се организира од страна на Извршната агенција за конкуренција и иновации во име на Генералниот директорат на Европската комисија за енергија.

Европската кампања за одржлива енергија претставува главна алатка, покрај законодавсвото и програмите за поддршка, за промовирање на одржлива енергетска политика на ЕУ.

Комесарот за енергетика Гунтер Јотингер ќе ги објави плановите за дејствување во поглед на енегетската ефикасност и обновливите извори на енергија во следните пет години.

Европската недела на одржлива енергија 2010 ќе покрие широк спектар на теми кои се однесуваат на иднината на Европа во поглед на обновливата енергија, енергетската ефикасност, решенијата за обновливи извори на енергија (биомаса, соларна и енергијата на ветерот), намалување на емисиите на стакленичките гасови и енергетската ефикасност во транспортот.

Кампањата посветена на обновливата енергија е во правец на постигнување на целите утврдени во Енергетската стратегија на ЕУ 2020. Се очекува во кампањата да се вклучат 35.000 поединци, да се одржат околу 80 средби во Брисел и околу 200 средби во земјите членки.

Дополнителни информации на официјалната страна на EUSEW:

http://www.eusew.eu/

**Понеделник, 29 март 2010 година, Валенсија**

**ВО РАМКИТЕ НА ШПАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕУ ОДРЖАНА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА „ЖЕНИТЕ ЗА ПОДОБАР СВЕТ“**

На 27 и 28 март 2010 година во Валенсија се одржа Меѓународна конференција на која учествуваа групи за дискусија за правата на жените и нивната улога во политиката, хуманитарните дејности и уметноста.

Еден од најзабележителните беше говорот на Вангари Матаи, добитничка на Нобеловата награда за мир во 2004 година, која зборуваше како да се подобри животот на жените од африканскиот континент.

Претседателот на Фондацијата за развој на заедницата, Граса Машел, повика на поголемо учество на жените во ремоделирањето на светскиот финансиски систем.

Средбата која се одржува по петти пат на тема „Жените за подобар свет“, ја затвори претседателот на Владата на Кралството Шпанија и актуелен претседавач со Европската унија, Хозе Луис Родригез Запатеро, кој во обраќањето потврди дека за време на претседателство Шпанија ќе продолжи да го поддржува вклучувањето на „целосната афирмација на еднаквоста помеѓу мажите и жените“ во рамките на новата економска стратегија. Целта е зголемување на вработувањата на жените до „ниво од 70 проценти до 2020 година“, како и колку што е можно намалување на разликата кај заработувачката. Во рамките на претседателството со ЕУ, Шпанија ќе продолжи на европско ниво да промовира нови начини на поддршка на борбата против насилството. Еднаквоста треба да

претставува реалност низ цела Европа, во градовите и руралните области, во професионалното и семејното опкружување.

На крајот на Конференцијата беше прочитан текстот на Декларацијата од Валенсија, за која претходно постигнаа согласност повеќе од 500 жени учесници на Конференцијата од Европа, Африка, САД, Азија и Латинска Америка.

**29 март 2010, Брисел**

**УСВОЕНИ ЦЕЛИТЕ НА СТРАТЕГИЈАТА „ЕВРОПА 2020“**

Лидерите на ЕУ на состанокот во Брисел, одржан на 26 март 2010 година, постигнаа согласност за поголема соработка во економската политика - дел од стратегијата за поттикнување на поголем раст во текот на следната деценија. На состанокот, лидерите ги имаа првите официјални разговори за новата стратегија „Европа 2020“, која беше претставена од Европската комисија на 8 март оваа година.

Постигната е согласност за поголема координација на националната и европската економска политика. Потребна е поголема економска соработка за заздравување од економската криза, како и за справување со предизвиците од климатските промени и глобализацијата.

Прифатени се трите цели: зголемување на стапката на вработување, зголемување на трошоците за истражување и развој и исполнување на обврските на ЕУ за животната средина. Зголемувањето на степенот на образованието, како и социјалната вклученост, дополнителни цели предложени од ЕК, ќе бидат усогласени на самитот во јуни.

Владите на земјите-членки на ЕУ ќе треба да достават детални планови на кој начин ќе ги исполнат нивните цели, додека спроведувањето на националните планови за реформи ќе се следи преку годишни извештаи.

**Среда, 31 март 2010 година**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС**

Во новиот извештај на Eurydice - мрежата за образовни системи и политики во Европа, подготвен за потребите на Европската комисија, даден е преглед на постигнатиот напредок на реформите во високото образование во 46 земји кои го применуваат планот за реформи, познат како Болоњски процес.

Извештајот е подготвен врз база на стручна евиденција за секоја земја вклучена во процесот и истиот дава јасна и компаративна претстава како прашањата од областа на високото образование се адресирани на национално ниво.

Болоњскиот процес придонесе за суштински промени во структурата на високото образование низ Европа. Процесот на европското високо образование постојано се развива, новите предизвици се

неизбежни. Порастот на партиципацијата во високото образование, имплементацијата на системските реформи и застојот на јавното финансирање создаваат огромен притисок во областа на високото образование. Потребата за интензивирање на соработката на европско ниво станува се позначајна, а од суштинско значење е подобрување на механизмите за мониторинг со цел проценка на влијанието на тековните реформи.

Двостепениот систем на студии (180 + 120 ЕКТС кредити) е најчесто применуван модел, веќе прифатен во 16 земји, што се користи уште во 21 држава. Двата елементи на Болоњскиот процес се: Европскиот кредит трансфер систем и додаток на диплома. Повеќето држави целосно ги имплементирале двата инструменти во системите на високото образование. Дванаесет држави, со исклучок на Турција, го имплементирале елементот додаток на диплома.

Трета алатка воведена со Болоњскиот процес е националната квалификациска рамка, за дефинирање и изразување на разликите меѓу стручноста во сите степени и нивоа од образованието. Според Извештајот, 8 високообразовни системи имаат целосно потврдена национална квалификациска рамка, додека 11 се во фаза на признавање на имплементацијата.

Кај финансирањето на високото образование, во изминатите десет години не е забележан севкупен напредок. Во однос на влијанието на економската криза, на почетокот националните одговори се движеле во различни насоки и со различни пристапи, од зголемување на инвестициите во високото образование преку стимулативни мерки, до значителни намалувања на трошоците во овој сектор. Економската криза влијаела врз процентот на уписи на студентите, бројот на вработените во секторот и доживотното учење.

Повеќе информации на Eurydice - информативна мрежа за образовни системи и политики во Европа:

www.eurydice.org